АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

Ул. Железничка бр. 41
1000 Скопје, Р.С.М

+389 (0)2 32 31 631;

winner@winner.mk
winner.mk

Лиценца: 24809/2
ЕМБС: 5702470

WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

**До**

**Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Почитувани,
Ве известуваме дека со Одлука на Управниот одбор на Друштвото Арх.бр. 11944/0202/1/23 од 12.09.2023 година се направени измени и дополнувања на Условите за комбинирано осигурување на моторни возила – КАСКО.

Измените и дополнувањата на Условите се донесени како што следи:

**Во делот „ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ“ во ставот 2 по точката 5) се додаваат две нови точки кои гласат:**

„ 6) бонус –ако осигуреникот не остварил штета во тек на траење на осигурувањето,му следува враќање на процент од премијата кој се пресметува на издавањето на наредна полиса

малус – доколкуво тек на траење на осигурувањето осигуреникот оствари штета, му следува доплаток на премијата кој се пресметува при исплата на штетата.“

**Досегашните точки 6) и 7) стануваат 8) и 9).**

**Во членот 5 став 1. точките три и четири се менуваат и гласат:**

„во сите случаи предвидени со прописите, а особено кога штетата е предизвикана од пожар, експлозија, поплава и порој, кражба, противправно одземање, разбојништво како и вандализам задолжително сите штетни настани да ги пријави во органите на Министерството за внатрешни работи, а со цел извид на штетниот настан од страна на службени лица од МВР од лице место за време на случување на штетниот настан, и на Осигурувачот да му достави Записник за увид од лице место,

Во случај на сообраќајна незгода, осигуреникот е должен сите штетни настани да ги пријави во МВР, а со цел извид на штетниот настан од страна на службени лица од лице место за време на случување на сообраќајната незгода и на Осигурувачот да му достави Записник за увид од лице место, освен во случај на „Мала материјална штета“, дефинирана со ЗБСП. За штети каде осигурувачот има право на суброгација(регрес)-удар од или во животно, одрон или дупка на пат и сл., задолжително мора да пријави во МВР и да достави Полициски записник.„

**Во членот 5 ставот 4. се брише во целост.**

**Досегашните ставови 5, 6 и 7 се пренумерираат во 4, 5, и 6.**

**Во членот 7 ставот 4. се менува и гласи:**

“Кај делумно каско осигурување – кршење и оштетување на стакла, осигурувањето се склучува без франшиза за првите две штети, а за секоја наредна штета задожителната франшиза е 50 % од висина на штета (освен доколку не е поинаку договорено и наведено во полисата),„

**Во членот 15 во став 3. се брише последната точка три.**

**Во членот 19 став 1, точката дваесетидва се брише во целост.**

Ул. Железничка бр. 41
1000 Скопје, Р.С.М
+389 (0)2 32 31 631;
winner@winner.mk
winner.mk
Лиценца: 24809/2
ЕМБС: 5702470



**Во член 20 се дополнува ставот 1 со нов пасус кој гласи:**

“Исклучок претставува изнајмено возило или возило под закуп(рентакар) каде осигурувачот е во обврска да ја надомести настанатата штета и потоа има право да поведе постапка за регрес од управувачот на возилото.“

**Во член 20 во ставот 2. Точката четири се дополнува со нов пасус кој гласи:**

**„Исклучок претставува изнајмено возило или возило под закуп(рентакар) каде осигурувачот е во обврска да ја надомести настанатата штета и потоа има право да поведе постапка за регрес од управувачот на возилото.“**

**Во член 21 во ставот 1 на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:**

„ а за следниот период на осигурување ( една година) набавната цена на денот на обнова на осигурувањето.„

**Во член 23 ставот 10 се менува и гласи:**

„ Доколку во текот на траењето на осигурувањето, клиентот има поголема фрекфенција на штети, од третата штета износот на надомест на штета се намалува за 20%, а на секоја наредна штета износот на надомест за штета се намалува за по дополнителни 10%.“

**Во членот 24 се додава нова точка два која гласи:**

“ „трошоците за влечење или превоз на оштетеното возило до најблиската сервисна работилница која е во можност да изврши нужна или целосна поправка на возилото“.

Сите останати членови во Условите детално утврдени во член 1 на оваа одлука остануваат непроменети и истите се во сила.

Условите кои стапуваат во примена од 15.09.2023 година се објавени на веб-страницата на друштвото.

Со почит,

**Акционерското друштво за осигурување**
**ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје**